Врз основа член 22 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 15.12.2022год. донесе:

ПРОГРАМА

за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2023 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.
Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.
Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.
Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.
Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.
Од јавен интерес е
- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.
- што се тоа објекти за спорт?
Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

	Трансфер на спортски клубови	**Изградба на спортски објекти**	
Организирање на меморијален фудбалски турнир : Пеце Матичевски 2023	**150 000 денари**		
Организирање на меѓународен фудбалски турнир: Младински КУП ФК Новаци	**150 000 денари**		
Трансфер на спортски клубови	**2 700 000 денари**		
Вкупно	**3 000 000 денари**		

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Новаци “.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____